**Република Северна Македонија**
**Државен инспекторат за животна средина**
**Палата "Емануел Чучков", ул.“Павел Шатев“ бр.2, 5-ти спрат**
**http://www.sei.gov.mk/**

**Решение број ИП1- 09-54**
**од 17.08.2023 година**

Државниот инспекторат за животна средина, преку раководител на одделение регион запад виш водостопански инспектор Тони Димески, со службена легитимација број 06-0015, изврши **вонреден** инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија во државна сопственост Скопје, со деловно седиште ул.„3-та Македонска бригада 1“ бр.10а, Скопје, застапвувано од членот на одбор на директори - Главен извршен директор Локман Љимани со
и со Записник број ИП1-09-54 од 14.08.2023 год. ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 230 став (2) и член 234 став (2) од Законот за водите (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/2008; 6/2009; 161/2009; 83/2010; 51/2011; 44/2012; 23/2013; 163/2013; 180/2014; 146/2015;52/2016 и 151/2021) член 83 став (2) од Закон за инспекциски надзор (Службен весник бр.102/2019), го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1) **Се ЗАДОЛЖУВА** АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост – Скопје, кој е **носител на дозвола бр.УП1-11/5-1995/2022 од 23.02.2023 год.** со која се стекнува со право за вадење песок,чакал и камен од коритото и бреговите на речно корито на река Вардар на делница м.в. Коработ, на КП 760/1 КО Криволак и на КП 2248/1 КО Пепелиште, општина Неготино, во должина од 1000 м, заради заштита и подобрување на режимот на водите на река Вардар, заради исполнување на условите од дозволата за периодот од воведување во работа до завршување на дозволата да достави:
- Писмено овластување архивски заверено за Лицето кое ќе биде задолжено да го заверува со потпис Дневникот за водење евиденција на дневна основа за количеството на изваден матерјал (песок,чакал,камен).
**Рок за извршување 5 (пет) дена по приемот на решението**
- Месечно известување (најкасно до 5 - ти во наредниот месец) за извршените работни активности во врска со извршеното уредување на речното корито по стационажи, а согласно проектната документација за ископаниот и изваден речен матерјал од река Вардар, за вкупно ископани количини (м$^3$), за вкупно вградени во насип количини (м$^3$), за вкупно пуштени во промет количини (м$^3$) со издадени испратници, за бројот на издадени фактури со пресметан надоместок, согласно член 215 од Закон за водите.
- Квартално Извештај до МЖСПП за извршена уплата кон трезорска сметка од наплатените фактури, на надоместокот за вадење песок,чакал и камен, согласно член 215 од Законот за водите, а во врска со обврската наведена во Дел 5 од дозволата.

2) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1) алинеја 2 на ова решение, е **месечно (најкасно до 5 - ти во наредниот месец),** по приемот на решението.

3) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1) на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта да го извести Државниот инспекторат за животна средина и водостопанскиот инспектор, дали е извршена инспекциската мерка.

4)Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Државниот инспекторат за животна средина, согласно член 71 од Закон за инспекциски надзор (Службен весник на РМ бр.102/2019) преку виш водостопански инспектор Тони Димески, со службена легитимација број 06-0015 спроведе вонреден инспекциски надзор со налог број 02-916/2 од 14.08.2023 год. во АД Водостопанство на Република Македонија во државна сопственост Скопје, со деловно седиште ул.„3-та Македонска бригада 1“ бр.10а Скопје, застапувано од присутното лице Илија Темелковски, Раководител на одделение за уредување на речни корита, со овластување бр. 03-399 од 18.02.2022 год. Увидот се изврши според член член 230 став (1) точка 18) а во врска со член 142 од Закон за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 52/2016 и 151/2021).Составен е Записник број ИП1-09-54 од 14.08.2023 год. во кој е констатирана следна состојба:

Во присуство на овластен претставник на АД Водостопанство на РСМ се изврши увид во документацијата и увид на лице место на делницата на река Вардар, м.в. Коработ КО Криволак и КО Пепелиште, општина Неготино, заради воведување во работа и изведување на работни активности за регулирање и уредување на речното корито. Министерството за животна средина и просторно планирање, Управа за животна средина – сектор води, на АД Водостопанство на РСМ, со седиште на ул.“3-та Македонска Бригада“ бр.10,1000 Скопје, му има издадено Решение за издавање Дозвола за вадење песок, чакал и камен од корита и бреговите на површинските водни тела бр.УП1-11/5-1995/2022 од 23.02.2023 год. со која се стекнува со право за вадење песок,чакал и камен од коритото и бреговите на речно корито на река Вардар на делница м.в. Коработ, на КП 760/1 КО Криволак и на КП 2248/1 КО Пепелиште, општина Неготино, во должина од 1000 м, <u>заради заштита и подобрување на режимот на водите на река Вардар</u>. Временскиот период за кој е издадена дозволата е 2(две) год, од датумот на издавање и важи до 23.02.2025 год.

За реализирање на условите и обврските утврдени во дозволата бр.УП1-11/5-1995/2022 од 23.02.2023 год. АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост – Скопје, има склучено договор бр.10-1239/13 од 27.07.2023год.со правниот субјект ДПТТУ ВИЛИС КОМПАНИ ДООЕЛ увоз-извоз Велес, со седиште на ул.“Благој Ѓорев“ бр.221-Б3 Велес со ЕДБС 4004015512474 и ЕМБС 7026218 (изведувач на работите - купувач), за купопродажба на наносен матерјал (песок,чакал и камен) отстранет од речно корито на р.Вардар на делница м.в. Коработ, на КП 760/1 КО Криволак и на КП 2248/1 КО Пепелиште, во должина од 1000 м, општина Неготино, заради уредување на режимот на водите. Времетраењето на овој Договор е до важење на дозволата за вадење,песок,чакал и камен од корита и брегови на река Вардар, до 23.02.2025 год.
Врз основа на член 142-в став (2) од Законот за водите, согласно Правилникот за формата и содржината на образецот и начинот на водење на Дневникот за извадено количество на песок,чакал и камен од коритата и бреговите на површинските водни тела (Службен весник на РМ 109/2014), овластениот претставникот на носителот на дозволата АД Водостопанство на РСМ- Скопје, при надзорот на увид **не достави писмено овластување за лицето кое ќе биде задолжено да го заверува со потпис Дневникот**, во кој на дневна основа се евидентира количеството на изваден, вграден и пуштен со испратница во промет, речен матерјал (песок,чакал и камен) за секој профил, дефиниран со стационажа, согласно Основниот проект со тех. бр.161/1-22 од Јули 2022 година, изработен од ГЕО ИНГ ДОО Делчево. а и месечна).
Врз основа на член 142-г став (5) од Законот за водите, согласно Правилникот за формата и содржината на Испратниците и за формата и содржината на Регистарот на издадени и заверени испратници (Службен весник на РМ бр. 109/2014 стр.23,24,25,26) носителот на дозволата АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост – Скопје, издава Испратници за пуштање во промет на песок, чакал и камен изваден од коритата и бреговите на површинските водни тела, кои се составен дел од издадените фактури, а кои се заведени во Регистарот на издадени и заверени испратници. Овластениот претставник на

АД Водостопанство на РСМ-Скопје, при надзорот на увид достави копија од Регистар на издадени и заверени испратници од МЖСПП за пуштање во промет на вишокот ископан речен материјал од реката, како и копија од овластување за одговорното лице Благоја Николов со л.к бр.А2109215 овластен да присуствува, да го контролира работењето и да издава и потпишва испратници за пуштање во промет на песок, чакал и камен изваден од коритото и бреговите на река Вардар, кои се заведени во Регистарот на издадени и заверени испратници, за Дозволата за вадење песок, чакал и камен од корито и бреговите на р.Вардар со бр.УП1-11/5-1995/2022 од 23.02.2023 год.

АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост – Скопје потребно е да го контролира купувачот (изведувачот) ДПТТУ ВИЛИС КОМПАНИ ДООЕЛ увоз-извоз Велес, од денот на отпочнување на изведување на работните активности, согласно склучениот договор бр.10-1239/13 од 27.07.2023 год., а како носител на дозволата бр.УП1-11/5-1995/2022 од 23.02.2023 год. потребно е да врши уредување според проектната документација наведена во дозволата (Основен проект со тех. бр.161/1-22 од Јули 2022 година, изработен од ГЕО ИНГ ДОО Делчево). Изведувачот на работите (купувачот) за да може да се воведе во работа потребно е согласно член 6 од договорот да достави до носителот на дозволата АД Водостопанство на РСМ, Листа на сите возила и механизација со кои ќе ги извршува работните активности согласно Основниот проект и дозволата. Листата со возилата да биде заверена со потпис и печат, а носителот на дозволата по добивање електонски да ја достави до инспекторот.

Работните активности за вадење на вишокот речен материјал од речното корито на река Вардар **ќе се извршуваат на десниот брег од реката, а ќе започнат од почетната стационажа (0+000,00)** при што е потребно да се води контрола на изведувачот да не ја оштети постојната крајбрежна вегетација. Да се работи по стационажа, а изведувачот редовно да води градежен дневник и да ги внесува дневните извршени активности, кој ќе се контролира и потпишува од страна на овластен инжинер од АД Водостопанство на РСМ.

Извадениот речен материјал кој ќе се носи со испратници до местото на депонирање определен во Основниот проект, да се контролира од овластеното лице на АД Водостопанство на РСМ. Во врска со динамиката која е наведена во дозволата заради отпочнување на работните активности по 6-шест месеци од издавањето на дозволата, а времетраењето на дозвола е 2-две години, потребно е АД Водостопанство на РСМ да го интензивира работењето на оваа делница особено при низок водостој во река Вардар, за да може да се извади наносот на речен материјал во најкус рок како би се заштитиле земјоделските површини покрај самото речно корито на реката и да се подобри режимот на движење на водата во реката.

При извршување на работите , при вадење на материјалот од речното корито да се работи согласно условите во дозволата, да не се дозволи оштетување на природната вегетација на бреговите од речното корито на р.Вардар по целата должина на делницата од 1000м. Уредување на речно корито да биде во реката а крајбрежниот појас кој е природно укрепен со дрвја да не се оштетува. АД Водостопанство на РСМ за ископаниот речен материјал кој ќе биде пуштен во продажба да го врши со издавање на испратниците од страна на овластено лице ,како и да врши контрола на ископот по стационажа. Ознаките да се секогаш видливи со обележана стационажа. Уредувањето секогаш да биде контролирано од одговорен инжинер овластен од АД Водостопанство на РСМ .

Потребно е од почетокот почнувајќи од почетната стационажа 0+000,00 да се работи како на ископ на речен материјал така и на уредување на насипите на левиот и десниот брег од река Вардар, согласно Основниот проект со тех. бр.161/1-22 од Јули 2022 година, изработен од ГЕО ИНГ ДОО Делчево и согласно условите и обврските утврдени во дозволата бр.УП1-11/5-1995/2022 од 23.02.2023 год .

Се укажува на АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост - Скопје , кој е носител на дозволата со бр.УП1-11/5-1995/2022 од 23.02.2023 год. ако не се придржува кон условите содржани во дозволата, согласно член 230 став (2) од Закон за водите, водостопанскиот инспектор ќе донесе решение со кое :
-ќе нареди отстранување на недостатоците што ќе ги утврди при вршењето на надзорот и ќе определи рок за нивно остранување или
-ќе забрани вадење на песок, чакал и камен и други активности и дејности кои влијаат врз режимот на водите или врз морфологијата на водното тело, ако дејностите и активностите се вршат спротивно на дозволата за запирање на работите и ќе определи рок за прилагодување кон условите во дозволата.
Постапувањето спротивно на условите во дозволата преставуваат прекршок казнив согласно член 245 став (1) точка 26) (при вадењето на песок, чакал и камен, не се придржува кон условите во дозволата од членот 142 од Закон за водите).

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**

Против ова решение, може да се изјави жалба, согласно член 240 од Законот за водите и член 84 од Законот за инспекциски надзор.

Жалба против ова решение може да се изјави во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението, до Државната Комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, на адреса : Кеј Димитар Влахов бр.4 1000 Скопје.

Според член 37 од Закон за административни такси,тарифа на административните такси за списите и дејствата кај органите на управата на РСМ, за жалба против решение, за тарифен број 2 се уплатува 250 денари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка.

Решено во Државен инспекторат за животна средина, со решение број ИП1-09-54 од 17.08.2023 година

**Тони Димески**
Водостопански инспектор
Бр.лег. 06-0015

Доставено до :
- Архива
- АД Водостопанство на Република Македонија во државна сопственост - Скопје, ул.„3-та Македонска бригада 1“ бр. 10а ,1000 Скопје .